Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 02.09.2019

На 01.09.2019 во 07.35 часот на ул.„Македонија“ во с.Злетово, пробиштипско, патничко возило „фолксваген голф“ со кратовски регистарки ознаки, управувано од В.Т.(37) од с.Кнежево, кратовско, удрило во пешакот С.С.(73) од с.Злетово. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Клиничката болница Штип каде му била укажана помош. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Пробиштип.

Во текот на изминатите денови (30 и 31.08 и 01.09.2019 ) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 110 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 80 возачи од кои: 29 возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 44 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и седум возачи-почетници кои не се придржувале на законските ограничувања. Исто така, исклучени од сообраќај се и 51 возила бидејќи 39 биле нерегистрирани и 12 биле технички неисправни. Санкционирани се 10 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престигнување, еден возач поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и девет возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатите денови издадени се 102 мандатни платни налози и 80 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола за време на викендот извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека 13 возачи управувале возило без возачка дозвола, шест возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале 71 возачи.

На 01.09.2019 во 18.30 часот на ул.„9 Бригада" во Кавадарци, патничко возило „пежо" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Т.М.(19)од Кавадарци, удрило во девојче од Кавадарци, кое се здобило со повреди и било пренесено во болницата во Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 01.09.2019 во 11.20 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово извршиле претрес во домот и во помошен објект на 55-годишниот тетовец Ш.Б. во Тетово. При претресот биле пронајдени и одземени марихуана, дигитална вага со остатоци од марихуана, зипер кеси и мешавина што се користи со наркотични средства. Ш.Б. бил приведен и задржан во Полициската станица Тетово, а по целосно расчистување на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.09.2019 околу 12.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово во Тетово го привеле 50-годишниот А.А. од тетовска Голема Речица, осуден на едногодишна затворска казна за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични droги" ( член 216 став 1 од Кривичниот законик). А.А. бил предаден во Казнено-поправната установа „Тетово", за издржување на затворската казна.

На 01.09.2019 во 04.05 часот, полициски службеници од СВР Скопје, на ул. „Владимир Полежиновски", го привеле А.Т.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.09.2019 во 10.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на локалниот пат с.Петровец - с.Мралино го привеле Р.М.(18) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.09.2019 во 22.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје, на ул. „Стрезова" го привеле С.Т.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.09.2019 во 18.40 часот на крстосницата од улиците „Страшо Пинџур" и „Ило Костов" во Кавадарци се случила сообраќајна незгода во која учествувале мотоцикл „џонвеј", управуван од М.Г.(40) од Кавадарци, непознато возило, кое го напуштило местото, а притоа бил удрен пешакот Б.Ј.(89) од Кавадарци. Со тешки телесни повреди се здобил пешакот, кој бил пренесен во болницата во Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кавадарци. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возилото и возачот и за расчистување на случајот.

Во текот на изминатата недела (25.08-01.09.2019) на подрачјето на СВР Куманово преземени се мерки и активности и констатирано е дека 88 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, од сообраќај се исклучени 27 возачи (11 возачи кои управувале под дејство на алохол и 16 возачи кои управувале возила пред да се стекнат со право за управување на моторно возило). Од сообраќај се исклучени 20 возила, од кои 14 возила поради тоа што биле нерегистрирани, а шест поради тоа што биле технички неисправни. Санкциониран е еден возач поради поминување на кртосница на црвено светло и двајца возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило. Во текот на минатата недела издадени се 233 мандантни платни налози, 89 прекршочни платни налози, а 78 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 30.08.2019 во периодот од 08.00 - 13.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на возила со кои се врши јавен превоз на патници. Во акциската контрола биле контролирани 51 автобус и други возила кои вршат јавен превоз, од кои 31 се упатени во станица за технички преглед. Утврдени се пет прекршоци за кои се преземени соодветни законски мерки. Санкционирани се и 16 останати прекршоци.

На 01.09.2019 околу 16 часот во СВР Тетово било пријавено дека во контејнер на ул.„180‟ во Тетово била пронајдена автоматска пушка со рамка без куршуми и футрола за оружје.

На 02.09.2019 во 01.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус на ЈСП бр.57на бул.„Крсте Мисирков‟ во Скопје, по претходна меѓусебна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.К.(31) и Б.Р.(30), двајцата од Скопје, од една страна и А.Е.(20) од Скопје од друга страна. Сочинети записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 01.09.2019 во 18.15 часот во СВР Скопје, М.С.(44) од Скопје пријавил дека на бул.„8-ми Септември‟, по претходна расправија околу предност во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.09.2019 во 03.25 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека во фабрика за производство на пелети во Виница настанал пожар. Пожарот бил изгаснат од екипи на Територијалните противпожарни единици на Виница и Кочани. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициската станица Кочани.

На 01.09.2019 околу 18.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар на автопатот Велес – Скопје, во атарот на с.Катланово, каде горела сува трева, а биле зафатени и три викенд куќи. Пожарот бил изгаснат во 06.30 часот на 02.09.2019 од екипи на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Повредени лица нема.

На 02.09.2019 во СВР Скопје бил приведен Р.И.(28) од Скопје поради тоа што на 01.09.2019 околу 22.30 часот во с.Студеничани со патничко возило „голф 2", со ретровизорот удрил малолетничка што се движела по улицата и го напуштил местото. Настанот го пријавил С.И.(47) од Скопје, татко на малолетничката. По целосно документирање на случајот против Р.И. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.09.2019 околу 03.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Беласица" настанал пожар во возило „крајслер", сопственост на А.С., а од огнот биле делумно зафатени и возило „мазда", сопственост на М.Р. и возило „ауди".Повредени лица нема.Извршен е увид.

На 01.09.2019 во 20.40 часот во Полициската станица Кочани бил приведен З.В.(38) од Штип, поради тоа што во 09.10 часот, со уште едно лице, во спортска обложувалница во Кочани физички го нападнале вработениот М.А.(18) и се обиделе да одземат пари, но не успеале. Се работи на расчистување на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)